**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6486 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.*

## 6. Констатации од надзорот:

Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Овој, десетти по ред последен извештај, се однесува на периодот од 1 до 9 декември, односно на вториот деветдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по девет изданија на „Вестите" во 18 и „Вестите" во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 3 часа 21 минута и 55 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:10:48 | 40,73 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:34 | 17,22 | % |
| Други субјекти | 00:11:09 | 42,05 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:26:31** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Граѓански сектор | 00:06:02 | 15,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:17 | 8,19 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:49 | 34,46 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:08 | 17,79 | % |
| Други субјекти | 00:02:34 | 6,40 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:48 | 6,98 | % |
| Без субјекти | 00:04:28 | 11,14 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:40:06** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:48:42 | 36,74 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:40:08 | 30,28 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:11:16 | 8,50 | % |
| Левица | 00:04:56 | 3,72 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:37 | 3,48 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:53 | 2,93 | % |
| Либерална партија | 00:06:35 | 4,97 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:34 | 3,45 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:06:40 | 5,03 | % |
| Беса | 00:01:12 | 0,91 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:12:33** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **03:21:55** | | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 12 минути и 33 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 48 минути и 42 секунди (36,74%); следува Коалицијата предводена од СДСМ со 40 минути и 8 секунди (30,28%); за Коалицијата ВМРО за Македонија се одвоени - 6 минути и 40 секунди (5,03%) и за ДУИ има 4 минути и 34 секунди (3,45%). Известувано е и за активностите на учесникот во изборната кампања со 6 потврдени листи – Коалицијата за промени и правда, со 11 минути и 16 секунди (8,50%) и за учесниците во изборната кампања кои имаат по пет потврдени листи со кандидати – за Левица, за која има 4 минути и 56 секунди (3,72%), за ДПА – 4 минути и 37 секунди (3,48%), и за Либералната партија со 6 минути и 35 секунди (4,97%). Учесниците во изборната кампања со потврдени листи во четири изборни единици се застапени со: Коалицијата УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди со 3 минути и 53 секунди (2,93%) и Беса со 1 минута и 12 секунди (0,91%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 26 минути и 31 секунда (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: Средба на министрите за надворешни работи на Македонија и Унгарија, Никола Попоски и Петер Сијарто; Информација од МВР во врска со пронајдена дрога во возило на албански државјанин; Соопштение од МВР по пријавата од страна на Американската амбасада за сомнителното возило пронајдено пред амбасадата; Донацијата на опрема од РСБСП за сообраќајната полиција; за седницата на Државната комисија за спречување на корупција на која се разгледувале претставките од Коалицијата на СДСМ во врска со прекршувањата на Изборниот законик со новите огласи за вработување; Извештајот на Државниот завод за статистика за намалување на трошоците за живот за месец ноември; Учеството на министерот за надворешни работи Никола Попоски на 23-от министерски совет на ОБСЕ во Хамбург; Задоволството на министерот за одбрана Зоран Јолевски од поддршката на министрите за одбрана на САД за евро-атлантската интеграција на Македонија за членство во Нато; Реакцијата на НБРМ на објавите за намалување на девизните резерви и др.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 40 минути и 6 секунди (Табела 1), а говорат за активностите на ДИК и други органи; амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; граѓанскиот сектор и др. ДИК е застапена со 13 минути и 49 секунди во теми кои се поврзани за текот на изборната кампања - известување за доставениот финансиски извештај за првиот дел од кампањата од страна на партиите; превземените мерки за спроведување на изборите; ангажманот на помошници и странски набљудувачи за следење на изборите; гласањето во ДИК на членовите на избирачките одбори во дипломатските и конзуларните претставништва и др. Странските субјекти се застапени со 7 минути и 8 секунди преку: делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа која ќе ги следи изборите во Македонија; Американската амбасада во Македонија со предупредување до своите граѓани за можни немири за денот на изборите и ЕУ која ќе ги следи изборите и ќе даде своја оценка и др. Категоријата граѓански сектор е застапена со 6 минути и 2 секунди, а во неа се опфатени пренесените соопштенија или директните обраќања на: Македонскиот институт за медиуми кој организираше дебата на тема инструментализација на медиумите во текот на изборната кампања, на која присуствувале и ЗНМ и Советот за етика во медиумите; Џабир Дерала од Цивил, кој достави список до ДИК за граѓани кои неможат да се најдат на избирачкиот список.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ – 23 минути и 8 секунди (33,13%) и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 23 минути и 4 секунди (33,03%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:08 | 33,13 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:23:04 | 33,03 % |
| Влада на РМ | 00:01:50 | 2,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:32 | 6,49 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:04:24 | 6,30 % |
| Левица | 00:02:28 | 3,53 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:04:08 | 5,92 % |
| Либерална партија | 00:04:40 | 6,68 % |
| Граѓански сектор | 00:01:36 | 2,29 % |
| | **Вкупно: 01:09:50** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

*„Гласот на народот"*

Репризното издание на емисијата *Гласот на народот,* која ја разработуваше темата: „унитарност или федерализација на Македонија", анализирана од страна на гостите: Виолета Ачковска, професор и историчар и аналитичарот и пратенички кандидат на ВМРО ДПМНЕ, Крсте Ивановски, беше емитувано на 1, 2, 4, 5 и 8 декември 2016 година. Водителот информираше дека СДСМ не пројавиле интерес да учествуваат во емисијата.

На 5 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 13 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот.* Темата беше: 11 декември избор за национализација или СОРОС, Заев робство или беда или Македонија и просперитет. Гостин во студиото беше Тони Науновски, професор и аналитичар. Преку скајп врска беа направени разговори со претставници од Македонската дијаспора. На темата свое мислење дадоа и меѓународните аналитичари Умберто Паскали од Вашингтон и Андреа Гали, новинар во „Венире". Водителот потенцираше дека за учество во емисијата бил поканет и Зоран Заев, меѓутоа од него не добиле никаков одговор. Репризното издание емисијата беше емитувано на 6 декември 2016 година.

На 7 декември 2016 година, со почеток во 20 часот и 26 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот.* Се дебатираше околу престојните вонредни парламентарни избори 2016 година, се анализираа изјавите дадени од страна на лидерот на СДСМ Зоран Заев околу федерализацијата, СОРОС, се пуштаа снимки од протестите на шарената револуција. Гостин беше Маријан Камиловски, аналитичар. Водителот посочи дека Зоран Заев или пак претставници од СДСМ биле поканети за учество во емисијата, но константно не добивале одговор ниту од лидерот Заев, ниту од аналитичарите блиски до неговата партија.

На 9 декември 2016 година, со почеток во 22 часот и 26 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот.* Беше разработена темата „Каде води откажувањето доброволно од својот глас на изборите 2016 година". Гости беа аналитичарите Емилија Гелева, Сотир Костов, Никола Србов и Александар Костовски, како и кандидатот за пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Јохан Тарчуловски.

*„Избор на народот“*

На 1, 2 и 3 декември 2016 година, со почеток во 21 часот и 1 минута, емитувано е репризно издание на емисијата *Избор на народот*. Темата беше: „Почеток на изборната кампања, дали е прерана идејата која ја промовира СДСМ за граѓанско општество, за федерализација и двојазичност. Зошто не успеавме како Македонци да бидеме горди на Макеоднија? Дали ТМРО како партија не успеа да постави македонски концепт на македонскиот народ. Колку слабата економија не му дозволува на граѓанинот да размислува бистро. Гостин беше Ванчо Шехтански, Претседател на ТМРО.

На 8 декември 2016 година, со почеток во 21 часот, во *Избор на народот* гостин беше претседателот на МААК – ВМРО ДПМНЕ Страшо Ангеловски. Темата беше: Како го оценувате текот и крајот на изборната кампања. На 9 декември 2016 година, се емитуваше реприза на емисијата.

*„Паричник“*

На 2 декември 2016 година, со почеток во 20 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Паричник*, во кое гостин беше Живко Јанкуловски, професор на биотехничкиот факултет во Битола. Темата беше: Претставување на програмата на Обединети демократски партии на Македонија – ПОДЕМ. Репризите беа на 4, 6 и 8 декември 2016 година.

***Други програми***

На 3 декември 2016 година, се емитуваше емисијата под наслов *„Сведоштво за еден* голем Македонец“, посветена на животниот пат и делото на Ѓорѓија Џорџ Атанасовски.

На 3 декември се емитуваа два дела од документарната програма „Светот по Сорос“, во која се користат инсерти од Шарената револуција во Скопје. Во емисијата зборуваат повеќе странски и домашни соговорници меѓу кои Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, Миленко Неделковски, Зоран Витанов, Владимир Божиновски, Ирена Цветковиќ, итн. Сценаристи се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков.

***Сектор за програмски работи***